## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за извршување на санкциите |
| Одговорно лице и контакт информации: | Јовица Стојановиќ |
| Вид на Извештај | ☒ Нацрт<br>☐ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒ Друго ______________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Октомври 2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1* Опис на состојбите

Основен правен акт со кој се регулира извршувањето на санкциите е Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15 ,11/16 25/2016 и 21/2018), во кои се инкорпорирани одредбите за заштита и остварување на загарантираните слободи и права на осудените лица кои се во согласност со меѓународните стандарди за извршување на казната затвор. Според повеќе свои карактеристики, Законот за извршување на санкциите е посебен и комплементарен закон. Комплементарен е пред се поради смислата и содржината на целите што треба да се остварат со овој Закон, како и поради местото што го завзема во националниот правен систем, а посебно поради неговото место во казнено-правниот систем во државата. Законот за извршување на санкциите не врши само голо прокламирање на заштита и остварување на загарантираните слободи и права на осудените лица, туку настојува да ги обезбедува, и тоа успешно го прави.

Законот за извршување на санкциите гарантира рамноправност, еднаквост и непристрасност при промена на правилата на извршување на санкциите, забранува дискриминација врз основа на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, верата, политичките и други уверувања, националното или социјалното потекло, сродството, имотната и општествената положба или некој друг статус на лицето спрема кое се извршува санкцијата.

Земајќи ги во предвид одредбите со кои се регулира националниот пенитенцијарен систем, може да се заклучи дека по својата природа ги содржи сите елементи на модерен систем на извршување на санкциите. Меѓутоа, со оглед на тоа што системот на извршување на санкциите претставува комплексна и чувствителна материја која ги регулира правата на осудените и малолетните лица, неоходно е негово постојано надградување и усовршување, како и усогласување со меѓународните стандарди и најдобрите практики од областа на извршување на санкциите.

## *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Имајќи ја во превид комплексноста и сложеноста на затворскиот систем, постои континуирана потреба од негово натамошно подобрување и усовршување согласно современите текови и трендови од областа на извршувањето на санкциите. За таа цел е донесена Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019 година). Преку спроведување на оваа Стратегија, државата се стреми да воспостави систем на извршување на санкциите кој ги задоволува највисоките меѓународни стандарди од областа на пенологијата преку кој ќе се обезбеди подобрен пенитенцијарен систем во државата што во крајна мера ќе придонесе кон подобрување на безбедноста во општеството. Проблеми кои беа детектирани и кои беа разгледувани во текот на изготвувањето на новото законско решение е во делот на "Управувањето со Управата за извршување на санкциите, казнено-поправните и воспитно-поправните установи". Недостаток на досегашната законска регулатива што доведува и до одредени проблеми во пракса е тоа што во ЗИС е регулирано само раководењето со КПУ и ВПУ, без притоа да се дефинира надлежноста на директорите. Исто така, не постои хиерархиска поставеност на директорот на Управата за извршување на санкциите наспроти директорите на установите. Директорот на Управата за извршување на санкциите и директорите на установите се именуваат и разрешуваат на идентичен начин од страна на Владата. Во таа смисла, неоходно е да се зголемат ингеренциите на директорот на УИС што ќе придонесе кон поефикасно извршување на основната функција на УИС, а тоа е надзор над работењето на установите.

Стручно-инструкторскиот надзор над работењето над КПУ и ВПУ го врши Управата за извршување на санкциите. Земајќи ја во предвид природата на стручно-инструкторскиот надзор, во пракса има случаи кога КПУ и ВПУ не постапуваат по дадените препораки и укажувања за отстранување на одредени неправилности што се констатираат во текот на вршењето на надзорите.

За таа цел стручно-инструкторскиот надзор е заменет со стручен надзор, со јасно дефинирани надлежности на вработените во Управата за извршување на санкциите, видовите на надзор (редовен, контролен и вонреден) и зајакнување на надзорната и контролната функција на УИС, спрема директорите на казнено-поправните установи. Истото се остварува најпрвин преку наредбата за отстранување на неправилностите дадени на записник за стручен надзор, која пак доколку не се почитува, директорот на Управата може да поднесе предлог до министерот за правда за разрешување на директор на соодветната казнено-поправна установа.

Право на осудените лица е да им биде пружена здравствена заштита, потребна медицинска помош и болничко лекување според општите прописи за здравствена заштита. Здравствената заштита на осудените лица е еден од најзначајните елементи во целокупниот процес на издржување на казната затвор. Поради тоа и меѓународните стандарди посветуваат посебно внимание на ова прашање. Така, Стандардните минимални правила за постапување со затворениците на ООН и европските затворски правила на Советот на Европа определуваат дека затворската управа се грижи за здравјето на осудените лица, а здравствената служба во казнено-поправните установи задолжително се организира во тесна поврзаност со општата здравствена служба на државата. Притоа изрично е утврдено дека осудените лица непречено треба да имаат пристап до здравствените служби во државата без дискриминација по основ на нивниот правен статус.

## 2. Цели на предлог регулативата

За подобро функционирање на затворскиот систем потребно е воспоставување на механизам за ефикасно управување каде директорите на КПУ и ВПУ на соодветен начин ќе му даваат отчет на своето работење на директорот на УИС. Неоходно е да се зајакне улогата на директор на УИС во улога на лидер и менаџер и да се воспостави јасна хиерархиска поставеност во пенитенцијарниот систем. Исто така, потребно е јасно разграничување на хиерархискиот систем во управувањето со КПУ и ВПУ и Управата за извршување на санкции. Особено треба да се подобри законската рамка во однос на критериумите за избор на директори и нивно разрешување. Истото се однесува и во однос на замениците директори.

Неоходно е јасно прецизирање на работните обврски на директорите. Особено треба да се внимава на назначувањето и разрешувањето на директорите и замениците. Целиот систем треба да биде така поставен за да биде функционален пред се од аспект на подобро функционирање на КПУ и ВПУ во интерес на лицата кои се сместени во овие установи.

Во однос на видовите и начинот на вршење на надзор над работењето над КПУ и ВПУ, неоходно е да се зајакне надзорот што го врши УИС што ќе придонесе кон задолжително постапување на установите по дадените укажувања и наредби и одговорност доколку по нив не се постапи.

Поаѓајќи од потребата да се зајакнат менаџерските и административни капацитети на затворскиот систем, како и да се зголемат овластувањата на УИС во насока на обезбедување ефикасен надзор на затворите, се наметна потребата од

предлагање на измени на постојната законска регулатива која ја регулира проблематиката на извршување на санкциите.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Донесување на нов Закон за извршување на санкциите. Законот за извршување на санкциите усогласен со стратешките цели од Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем на РМ особено во делот на зајакнување на системот на управување и надзор над работата во КПУ и ВПУ преку воспоставување на силен и транспарентен механизам за ефикасно и професионално управување со пенитенцијарниот систем и воспоставена јасна хиерархиска и одговорна поставеност помеѓу УИС и КПУ и ВПУ. Во таа насока, активности кои се преземени за остварување на овој резултат се дефинирање на законски одредби за критериуми за избор, овластувања и обврски на директорот на УИС и директорите на КПУ и ВПУ, надлежноста на УИС во однос на управувањето со КПУ и ВПУ, надлежностите на КПУ и ВПУ, како и обезбедување на почетна и континуирана обука на раководниот кадар за управување со КПУ и ВПУ. Потоа, зајакнување на надзорната функција на УИС над работењето на КПУ и ВПУ, преку дефинирање на законски обврски за надлежноста и почитување на наредбата на директорот на Управата за извршување на санкциите и записниците за утврдени неправилности во текот на вршење на стручниот надзор како и контролната функција при која што за непочитување на наредбата за отстранување на неправилностите дадени на записник за стручен надзор, директорот на Управата поднесува предлог до министерот за правда за разрешување на директор на соодветната казнено-поправна установа. Редефинирање на одредбите кои се однесуваат на припадниците на затворската полиција. Со новиот Закон за извршување на санкциите се пристапи кон поедноставување на постапката за вработување, унапредувањето, мобилноста и оценувањето на припадниците на затворската полиција.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Се дава детален опис на позитивните и негативните влијанија кои можат да произлезат од секоја од опциите и тоа за:*

*4.1 Економски влијанија*

*(Се опишуваат придобивките и трошоците за економијата во областа, вработувањето и конкурентноста. Особено треба да се опишат влијанијата за малите и средните претпријатија, економските субјекти, потрошувачите, домаќинствата и др.)*

*4.2 Фискални влијанија*

Средствата за спроведување на законот ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија.
За имплементација на Предлог на Законот за извршување на санклциите фискалните импликации се однесуваат на предлогот за зголемување на платите на припадниците на затворската полиција и истите се планира да изнесуваат 335.800.000,00денари на годишно ниво што претставува зголемување од 15.800.000,00денари од одобрените средства за 2018 година.

*4.3 Социјални влијанија*

Со донесување на новиот Закон за извршување на санкциите ќе се зајакне заштитата и унапредувањето на човековите права и родовата еднаквост, заштита на правата на осудените, притворените лица и децата.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*(Се наведуваат трошоците за спроведување на предлогот на закон – формирање на нови институции/органи или проширување на надлежности и организација на постојни органи, потребни човечки ресурси и нивна обука, инвестиции (канцелариски простор), потребен надзор, опрема и др.)*

*б) трошоци за почитување на регулативата*

*(Се наведуваат трошоците за почитување на регулативата - воведување на нови административни оптоварувања, формалности и трошоци (лиценци, дозволи, информации, стандарди) за правните и/или физичките лица и како тоа ќе се одрази врз конкурентноста)*

## 5. Консултации

### *5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Засегнати страни се казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Управата за извршување на санкциите, Министерството за правда, Министеството за здравство, Министерство за образование, Министерство за труд и социјални работи.

Со решение на министерот за правда беше формирана работна група задолжена за изработка на нов Закон за извршување на санкциите. Во работната група членуваат професори од казнено и управно право, судии за извршување на санкциите, претставник од канцеларијата на Народниот правобранител на РМ, претставници од министерсвото за правда, Управа за извршување на санкциите, претставник од КПД Идризово и претставник од синдикатот на затворската полиција. Претходно, од страна на директорот на Управата за извршување на санкциите беа формирани четири работни групи кои работеа на одредбите на Предлог Законот за извршување на санкциите и тоа:

-работна група која ги разгледуваше сите одредби на ЗИС без делот за затворска полиција;

-работна група за предлагање на нови одредби во делот на затворската полиција;

-работна група за здравствена заштита на осудените, притворените лица и малолетните лица и

-работна група задолжена за решавање на статусот на стопанските единици во КПУ и ВПУ и предлагање на законско решение.

Во работните групи беа вклучени вработени од Управата за извршување на санкциите, практичари - претставници од секторот за ресоцијализација во установите, претставник од УПОЗ, претставници од затворската полиција, претставници од Министерство за здравство, Фонд за здравствено осигурување, Управа за јавни приходи, Министерсво за труд и социјална политика, здравствените работници од КПД Идризово, претставници од Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за информатичко општество и администрација, Централен регистар на РМ и вработените од стопанските единици односно трговските друштва Економија и Препород во КПД Идризово.

### *5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Предлогот на законот ќе се достави на мислење до Секретаријат за законодавство, Министерство за информатичко општество и

администрација, Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за економија.

*(Се дава преглед на добиените мислења со акцент на оние прашања кои предизвикале особен интерес или загриженост кај засегнатите страни. Наведете кои мислења биле земени предвид)*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*
*(Се наведуваат мислењата кои не биле земени предвид и со образложение за причините за тоа)*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*
*(Се дава споредбен опис на позитивните и негативните страни или влијанија на можните решенија (опции))*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*
*(Се опишуваат ризиците во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции))*

*6.3 Препорачано решение со образложение*
*(Се опишува препорачаното решение со образложение зошто се препорачува)*

Предлогот на Законот за извршување на санкциите содржи 421 члена и е составен од глави XXXIV и тоа:

Главата Заеднички одредби уредува извршување на санкциите изречени за кривични дела и прекршоци и начинот на кој се извршуваат санкциите изречени за кривични дела. Се воспоставува забрана за дискриминација по било кој основ и со лицата спрема кои се извршуваат санкциите се постапува човечно, со почитување на човековата личност и достоинство, зачувување на нивното телесно и душевно здравје, водејќи притоа сметка за остварување на целите на одделни санкции и мерки.

Дел први Извршување на санкциите за кривични дела, Глава Втора, Основни начела каде се наведува дека Процесот на ресоцијализација на осудените лица претставува основна функција на казнено-поправната и воспитна-поправната установа и дека целта на извршувањето на казната затвор е оспособување на осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот.

Надлежни органи за извршувањето на санкциите, Глава Три, Надлежност на Управата за извршување на санкциите. Во оваа глава покрај тоа што детално е опишана надлежноста на Управата за извршување на санкциите, се наведени и

условите за избор на директор на Управата. Наведено е образованието и искуството кое е потребно да го поседува директорот на Управата, како и неговите надлежности.
Новина во законот е тоа што директорот на казнено-поправната и воспитно-поправната установа и неговиот заменик ги именува и разрешува министерот за правда на предлог на директорот на Управата за извршување на санкциите за разлика од претходно каде и директорот на Управата и директорите на установите и нивните заменици се именуваа и разрешуваа на ист начин од страна на Владата на РМ. Исто така и за директорите на установите и нивните заменици се доуредени посебните услови при што е предвидено соодветно образование и работно искуство кое е потребно да го има директор на казнено-поправната и воспитно-поправната установа и неговиот заменик. По првпат во закон точно се определени надлежностите на директорите на установите како и на нивните заменици.
Казнено-поправни установи-Мрежа на казнено-поправни установи
Во насока на создавање на подобри и посоодветни услови на извршување на казната затвор, по извршените анализи за бројот, структурата, висината на казната и слично се предложи Затворот Прилеп да премине во установа од построг односно затворен вид при што Затвор Прилеп преминува во Казнено поправен дом Прилеп.

Се дава осврт на видот на установите, кои според степенот на обезбедувањето, степенот на ограничувањето на слободата на движење и видовите на третман што се применуваат спрема осудените лица, можат да бидат установи од затворен, полуотворен и отворен вид.

Во дел втори, Глава четири, Установи за извршување на казната затвор, Надлежност на установите е наведена и образложена надлежноста на установите како и потребата од донесување на унифициран Куќен ред на установите.

Во Глава пет, Работни односи се дава акцент на статусот на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи и делокругот на нивната работа и работни задачи. Посебно се дава внимание на работата и работните задачи на припадниците на затворска полиција. За припадниците на затворската полиција се определуваат нивоа и категории на вработени. Една од новините, всушност и најголемата новина во делот за работни односи е проширување на можните ситуации и причините при кои еден припадник на затворската полиција може да биде упатен во друга казнено-поправна или воспитно-поправна установа. Се додаваат 6 нови алинеи како можни околности и ситуации при кои може да се упати припадник на затворската полиција од една во друга казнено-поправна или воспитно-поправна установа. Глава 6 е финасирање на установите, а глава 7 се однесува на стопанско инструкторските одделенија.Глава 8, Надзор над работата на установите, каде што комплетно се менува надзорот врз работата на казнено-поправните и воспитно-поправните установи и од стручно-инструкторски преминува во стручен надзор, со измена на одредбите за начинот и постапката на вршење стручен надзор врз работата на установите. Одредбите од оваа глава имаат за цел зајакнување на надзорната функција на УИС над работењето на КПУ и ВПУ, преку дефинирање на законски обврски за почитување на наредбата на директорот на Управата за извршување на санкциите и записниците за утврдени неправилности во текот на вршење на стручниот надзор, како и контролната функција при која што за непочитување на наредбата за отстранување на неправилностите дадени на записник за стручен надзор, директорот

на Управата поднесува предлог до министерот за правда за разрешување на директор на соодветната казнено-поправна установа.

Глава 9, Постапување при извршување на казната затвор, каде што детално е опишано упатувањето на извршување казна затвор и органот надлежен за истото, како и причините поради кои може едно лице да поднесе барање за одлагање на почетокот на издржување казна затвор.

Глава 10, Положба на осудените лица, каде што е утврдена класификацијата на осудените лица. Глава 11, Права на осудени лица и деца, каде се уредени и опишани правата на осудените лица и децата. За прв пат во овој Закон, правата на осудените лица се вметнати и образложени во една глава, со што се добива целосна слика за правата кои ги имаат осудените лица и децата.

Новина во оваа глава е тоа што се надополнети и проширени правата на осудените лица, кои сега добиваат поширок опфат. Едно од правата на осудените лица и децата инкорпорирано во Законот е правото на третман кое опфаќа учество на осудените лица во повеќе мерки и активности. Права кои осудените лица ги имаат согласно Законот, а кои се додадени во овој дел се и правото на информирање, правото на задоволување на верските потреби и правото на ажурирање на лична карта. Со ова осудените лица добиваат можност да им се ажурираат нивните лични карти, со што тие би ги оствариле во голем дел нивните законски права, вклучувајќи го и правото на глас.

Глава 12, Погодности на осудените лица, се опишани видот и обемот на погодностите кои ги добиваат осудените лица, а зависат главно од нивното поведение.

Глава 13, Прогресирање, регресирање, преместување и прекин на казна на осудените лица. Во оваа глава, позначајни промени се направени во делот за преместување на осудените лица, каде што таксативно се набројани причините поради кои може едно лица со свое барање, да побара преместување од една во друга установа. Исто така, редуцирани се причините поради кои може да се одобри прекин на казната затвор на осудените лица. Новост е тоа што и во двата случаи на донесување решение по барање за преместување или прекин на казната, истото е конечно.

Глава 14, Однос на службените лица спрема осудените лица. Во овој дел е прецизиран начинот на извршување на обврските на службените лица. Новост во делот за потребата од почетна и континуирана обука на вработените во установите е тоа што обуките се одржуваат во Центарот за тренинг и едукација кој е посебна организациона единица во рамките на Управата.

Глава 15, Одржување на редот и дисциплината. Во главата 15 е уредена постапката за дисциплинска и материјална одговорност на осудените лица, каде што се вели дека секое непочитување на одредбите од овој закон и на Куќниот ред претставува дисциплинска повреда и носи соодветна дисциплинска одговорност. Таксативно се набројани сите потешки дисциплински повреди, додека пак полесните повреди се уредуваат со Куќниот ред на установата.

Глава 16, Смрт на осудено лице и присуство на погреб, каде што исто така како новина во Законот, се вели дека по одобрение од директорот на установата, осуденото лице може да присуствува на погреб на член од потесното семејство.

Глава 17, Отпуштање на осудените лица од издржување на казната. Во оваа глава детално се образложение основите за отпуштање на осудените лица од издржување

на казната. Битни законски измени во овој дел се менување на постапката за условен отпуст, предвидена согласно Законот за пробација и измени во делот за отпуштање по одлука на директорот на установата, каде што се набројани критериумите што треба да ги исполни едно осудено лице за да добие предвремено отпуштање од установата. Исто така променето е и времетраењето на отпуштање по одлука на директорот на установата и издржаниот дел од казната затвор.

Глава 18, Помош на осудените лица по отпуштање од установата, што претставува збир на мерки и активности што се применуваат заради вклучување на отпуштените осудени лица во животот на слобода.

Глава 19, Заклучен извештај, каде што пред отпуштање на осуденото лице, секторот за ресоцијализација, подготвува заклучен извештај за реализираната програма за третман со осуденото лице, како и за оцената за остварениот степен на ресоцијализација на осуденото лице.

Глава 20, Извршување на парична казна, каде што се наведени органите и постапката за извршување на паричната казна на физички лица.

Глава 21, Извршување на споредни казни, забрана на вршење на професија, дејност или должност, каде детално се опишани споредните казни. Како нова казна, предвидена и во Кривичниот законик на РМ е забрана за посетување на спортски натревари.

Глава 22, Извршување на мерките на безбедност, задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. Во оваа глава е пропишана оваа мерка на безбедност и местото каде што таа се извршува.

Глава 23, Задолжително психијатриско лекување на слобода, каде посебно е опишана горенаведената мерка на безбедност.

Глава 24, Задолжително лекување од болести на зависност, каде исто така се опишани мерките што се превземаат кон оваа категорија на лица со болести од зависност.

Глава 25, Извршување на кривични санкции спрема деца, најприн се разработени посебните одредби за извршување на казната затвор за деца, со оглед на специфичностите кои произлегуваат во нивниот третман и видот на погодностите што ги имаат различни од погодностите што ги добиваат полнолетните осудени лица. Во овој дел пропишани се законски одредби и за извршување на парична казна спрема детето и забрана на управување на моторно возило и протерување на странец од земјата.

Глава 26, Извршување на воспитни мерки, Општи одредби, каде е пропишана целта на извршувањето на воспитните мерки, а тоа е заштита, образование, воспитување и превоспитување, социјализација, помош и грижа за децата за да се обезбеди правилен развој на нивната личност.

Глава 27, Извршување на воспитната мерка упатување во центар за деца. Во овој дел е пропишан начинот на кој се извршува воспитната мерка упатување во центар за деца, кога се упатува детето во центарот за деца и како го поминува времето.

Глава 28, Извршување на мерките на засилен надзор, опфаќаат засилен надзор од родителот или старателот, засилен надзор од згрижувачко семејство и од

центарот. Во оваа глава детално се опишани мерките на засилен надзор врз децата од горенаведените лица и институции.

Глава 29, Извршување на заводски мерки, најпрвин се пропишува опфатот на овие мерки, односно дека тие се извршуваат со упатување во воспитна установа и со упатување во воспитно-поправен дом. Воспитната мерка упатување во воспитна установа се извршува во воспитна установа наменета за воспитување и социјална заштита на деца, додека пак во воспитно поправен дом детето останува најмалку 1 а најмногу 5 години, односно до наполнета 23 годишна возраст и истата се изрекува само еднаш. Со упатување во воспитно-поправен дом на детето му се обезбедуваат услови за основно и средно образование и воспитување, за стекнување и развивање на позитивни навики, на вредносни особини и за работно остручување и оспособување за одделни занимања. Во воспитно-поправниот дом на детето му се обезбедуваат услови за активно користење на слободното време со културни, забавни и спортски активности и одржува контакти со семејството и други лица и институции кои можат позитивно да влијаат на неговата ресоцијализација. Во оваа глава опишани се сите погодности на децата кои се различни од погодностите на полнолетните осудени лица.

Глава 30, Извршување на алтернативните мерки спрема деца, органи и постапка за извршување на алтернативните мерки. Со одредбите на оваа глава се уредува извршувањето на условната осуда со заштитен надзор и општокорисната работа., органот надлежен за извршување на овие две мерки и постапката на извршување.

ДЕЛ ТРЕТИ, ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНИ СПРЕМА ПРАВНИ ЛИЦА

Глава 31, Извршување на парична казна каде што е разработена постапката на извршување на паричната казна, извршувањето на споредните казни и органот каде се впишуваат.

Глава 32, Извршување на прекршочни санкции спрема полнолетни сторители. Во овој дел се опишани постапките на извршување на прекршочни санкции спрема полнолетни сторители и тоа: глоба, престанок на важење на возачка дозвола, забрана на управување со моторно возило, забрана на вршење професија, дејност или должност, протерување на странец од земјата, задолжително лекување на алхохоличари и наркомани (лица со болести на зависност), задолжително психијатриско лекување на слобода и забрана за влез и присуство на спортски натпревари.

Глава 33, Извршување на прекршочни санкции спрема деца. Одредбите за извршување на глобата спрема полнолетни лица и за извршување на воспитните мерки спрема деца сторители на кривични дела соодветно се применуваат и на извршувањето на воспитните мерки за прекршок.

Глава 34, Извршување на прекршочни санкции спрема правни лица и трговец поединец. Се пропишува постапката за наплата на глобата на правни лица и трговец поединец, која по службена должност ја поведува судот што ја изрекол глобата во прв степен.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Со донесување на Законот за извршување на санкциите е неоходно да дојде до промена на постоечките подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за извршување на санкциите, а исто така се предвидува донесување и на нови подзаконски акти кои претходно не биле предвидени.

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

1. Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица.
2.Правилник за третман на осудените лица.
3. Правилник за распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи.
4. Правилник за определување на видот на установите.
5. Куќниот ред за извршување на мерката притвор во притворските одделенија на затворите го пропишува министерот за правда.
6. Правилник за определување на условите и начинот на употребата на средствата за присилба.
7.Правилник за овластувањата на затворската полиција, начинот на вооружувањето и вршењето на работите на затворската полиција.
8.Правилник за формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација, униформата и ознаките на униформата на затворската полиција.
9.Општите работни компетенции на припадниците на затворската полиција се утврдуваат во Рамка на општи компетенции за припадниците на затворската полиција
10.Програмата за утврдување на психофизичките способности на лицето кое се прима за вршење работи во затворската полиција
11. Правилник за формата и содржината на јавниот оглас, начинот на докажување на опшите и посебните услови за пополнување на работните места, соодветното бодување на меѓународно признатите сертификати, начинот на спроведување на административната селекција, испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, тестот на личност, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката на селекција
12.Правилник за начинот на спроведување на пробната работа, спроведувањето на основната обука, менторирањето, полагањето на писмениот тест и неговото бодирање.

12. Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на документите и доказите за исполнување на условите содржани во огласот, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас.
13.Правилникот за работа во услови на штрајк на затворската полиција во казнено-поправните и воспитно поправните установи
14. Програмата за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите на предлог на директорот на управата ја донесува министерот за правда.
15. Правилник за начинот на оценување на припадникот на затворската полиција, како и начинот на оценување на припадниците на затворската полиција во установа со помалку од 20 вработени во затворската полиција, формата и содржината на образецот за оценување, како и формата и содржината на извештајот од ставот (6) на овој член ги пропишува министерот за правда.
16. Правилник за начинот на водењето на дисциплинската постапка и образецот за тајното гласање.
17. Правилник за начинот на водењето на постапка за уредување на материјална одговорност, како и формата и содржината на решението за надоместок на штета.
18. Правилник за вршење на стручен надзор.
19. Правилник за начинот на распоредување, класификација и разместување на осудените лица.
20.Правилник за нормативите за подготвување на храна.
21. Правилник за надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата кои без своја вина не работат им се обезбедуваат најнеопходни средства за задоволување на личните потреби.
22. Правилник за соработник на правдата кој се наоѓа на издржување на казната затвор во Република Македонија .
23. Правилник за состав на комисијата за видот и начинот на користење на погодностите.
24. Програма за почетна и континуирана обука и остручување на службените лица во установите.
25. Кодекс на однесување на службените лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.
28. Куќниот ред во здравствената установа во однос на лицата спрема кои се извршува санкцијата задолжително лекување на алкохоличари и наркомани го пропишува министерот за здравство во согласност со министерот за правда.

Подзаконските акти треба да се донесат во рок од 6 месеци од кога законот ќе стапи на сила. Најголем број од подзаконските акти ги донесува министерот за правда, а некои од нив се донесуваат од страна на министерот за правда, но по предлог на директорот на Управата за извршување на санкциите.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Надлежни ограни за спроведување на Законот за извршување на санкциите се казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Управата за извршување на санкциите, Министерството за правда, Министеството за здравство, Министерство за образование, Министерство за труд и социјални работи, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии и други.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Со цел спроведување на Предлог законот се предвидени обуки за затворскиот персонал со цел запознавње и примена на новите одредби од нивна страна. Исто така, се предвидени тркалезни маси со цел презентирање на законот пред пошироката јавност.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*
*(Се опишува накратко како ќе се следи спроведувањето и постигнувањето на ефектите од регулативата и кои органи на државната управа ќе бидат вклучени во процесот на следење)*

Примената на законот ќе ја следи Управата за извршување на санкциите.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*
*(Се опишува накратко како ќе се врши евалуација на ефектите од регулативата и на кој временски период)*

**Изјава од министер**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Д-р Рената Дескоска**

**Датум:** 02. 10. 2018

---------------------------------
**потпис на министер**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА СКОПЈЕ